# Вежби за идно време

А. Пополнете ги празните линии во реченициите, користејќи ја точната форма на глаголот во заграда.  (бр.1-5 од филмот „Како убив светец“, 6 од Васил Тупурковски: „Сказна за древна Македонија“, 7 од Глигор Поповски: „Мостови“)

1. Имам нешто работа, _________________ (се види).

2. _________________ (оди-вие) преку граница и _________________ (донесе-вие) некои ствари за мене.

3. На границата _________________ (ве чека) еден човек, а на враќање, границата _________________ (ја премине-вие) пешки.

4. Еден човек _________________ (ви каже) кога и како.

5. - Што _________________ (прави-тој)?

- Па, се разбира, _________________ (студира).

6. Ако ја прочитате книгава, не само што ___________________ (научи) за историјата на Македонија, туку таа ___________________ (ви помогне) подобро да го разберете сé она што денес ни се случува во животот, ___________________ (знае) повеќе за соседните земји и за народите, кои заедно со нас живеат на Балканот.

7. Кога _______________ (израсне), тие _______________ (знае) да изградат и голем мост, што _______________ (ги врзе) и зближи двата брега, двете страни.

8. Температурата _______________ (се движи) од 5 до 10 степени целзиусови.

Б. Анализирајте ги времињата на глаголите во следниве реченици и преведете ги. (бр. 1-2 од филмот „Како убив светец“, 3 од Васил Тупурковски: „Сказна за древна Македонија“, 4 од Предавања на 39 меѓународен семинар за македонски јазик, литература, и култура, 5-6 од Киро Глигоров: „Македонија е сé што имаме“)

©2008 Macedonian Language E-Learning Center 

1. Па, вака, ние решивме кога ќе се вратиш во Америка, Кокан мора да дојде со тебе.

2. Што ќе се напиеш, те прашува. Ќе пиеме џин тоник и двајцата.

3. Помислата дека повторно ќе се видиме со најблиските и дека, по големите победи низ Азија, ќе можеме убаво да живееме во саканата Македонија, на сите ни годеше.

4. Ќе пробам во овој текст да дадам одговор на прашањето што е член како јазична единица и да го претставам последиците коишто тој одговор ги имплицува за толкување на состојбите во македонскиот јазик.

5. Дури по четири-пет години некаде почнаа да приговараат: „До кога ќе биде ова“, а потоа се направи еден преоден период...па да се заврши таа работа.

6. Во Македонија секогаш ќе дојдам, ако добро ме примат, оти знаеш што стана со мене.

©2008 Macedonian Language E-Learning Center